Друштво за производство на топлинска енергија
ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 01-440/1
17-03-2025 202 __ год.
СКОПЈЕ

ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА


**Друштво за производство на топлинска енергија,**
**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,**
Ул. "Тодор Александров" бр.6, Скопје, Македонија,
тел:+389 (0)2 55 14 140,
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКОТО И ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ
# во период 01.01.2024 – 31.12.2024 година

**- ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ -**

**Март 2025**

ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

**СОДРЖИНА**


**1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ** ..... 3

**2. ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА** ..... 4

2.1. Климатски показатели ..... 4

2.2. Греен период ..... 5

2.3. Производство на топлинска енергија ..... 6

2.4. Потрошувачка на гориво ..... 8

2.5. Планирани и непланирани прекини на производство на топлинска енергија ..... 9

**3. ФИНАНСИСКИ ДЕЛ ОД РАБОТЕЊЕТО** ..... 10

**4. ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ И ЕФИКАСНОСТ** ..... 13

4.1. Заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на опремата за вршење на енергетска дејност ..... 13

4.2. Безбедност и здравје при работа ..... 13

4.3. Обука и стручно усовршување на вработените ..... 14

4.4. Заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето ..... 14

4.5. Спроведување на мониторинг врз сопственото работење ..... 15

4.6. Обезбедување на услови за сигурно континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност ..... 15

4.7. Обезбедување на енергетска ефикасност ..... 16

**5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ПЛАНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ** ..... 17

**6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РЕМОНТИ** ..... 18

**7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА** ..... 18

**8. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО РЕГУЛИРАНИТЕ ДОГОВОРИ** ..... 18

**9. СОСТОЈБА СО КАДРОВА ЕКИПИРАНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПООДЕЛНИ ЗАДАЧИ** ..... 19

**10. ИЗВРШЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ И КОНТРОЛИ ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИ ИНСПЕКЦИСКИ И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ** ..... 19

ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Тодор Александров" бр. 6, Скопје, Гази Баба, е основано на 29.07.2022 година, од страна на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 9, Скопје, Центар, со приоритетна дејност / главна приходна шифра 35.30 – Снабдување со пареа и климатизација.

Друштвото ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје дејноста производство на топлинска енергија од страна на регулиран производител ја остварува согласно следните документи:
- Лиценца за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија УП1. Бр.11-263/23 од 05.06.2023 год. Издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, со евидентен број на лиценца бр. ТЕ-ПРОИЗ-17-2023, со важност од 10 години до 05.06.2033 година, објавена во Службен весник на РСМ бр. 119/2023 од 09.06.2023 год.,
- Договор за закуп на основни средства за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија, Бр. 0307-55/1, склучен на 27.04.2023 година со Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ул. "Орце Николов" бр. 182 А, Скопје, со времетраење од 03.05.2023 година до 29.04.2033 година,
по што започна со реализација на обврската за обезбедување на јавна услуга за регулирано производство на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје.

На 15.08.2023 година склучен е договор помеѓу ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје и Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, ул. "Тодор Александров" бр. 8, Скопје, за користење на бунарска вода од бунарот кој е во кругот на ТО Исток.

Со Одлука на Управниот одбор на АД ЕСМ Скопје УО бр. 02-5661/11/6, од 19.09.2024 година, од должноста Управител на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје се отповикува Златко Пиперкоски и се избира Бобан Максимовски.

Друштвото е организирано во четири работни единици согласно следната структура:
- Служба за производство, одржување, инвестиции и анализи за топлинска енергија;
- Служба за финансиски и комерцијални работи;
- Служба за правни, кадровски, општи работи и обезбедување;
- Одделение за БЗР.

Друштвото го води Управител, со Службата за производство, одржување, инвестиции и анализи за топлинска енергија управуваат раководители на одделенија, а со Службата за финансиски и комерцијални работи и со Службата за правни, кадровски, општи работи и обезбедување управуваат раководители.

Службата за производство, одржување, инвестиции и анализи за топлинска енергија е составена од технички одделенија каде непосредно се извршува дејноста производство на топлинска енергија, додека останатите служби се т.н. сервисни работни служби / одделенија и тие ги даваат сите неопходни услуги за функционирање на друштвото.

## 2. ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Производството на топлинска енергија се остварува преку топлински капацитет лоциран во два топлински извори:

- Топлана "Исток", лоцирана во источната индустриска зона на градот и
- Топлана "Запад", лоцирана во населба Тафталиџе.

Вкупниот топлински капацитет изнесува 450,09 (MW) и истиот го сочинуваат 10 котелски постројки, од кои една (8,15 MW) е конзервирана.

Испораката на топлинска енергија во дистрибутивната мрежа се врши според надворешната температура, согласно Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија, (Службен весник на РСМ, бр. 229/2022).

### 2.1. Климатски показатели

Минималната и максималната остварена температура, остварените средни надворешни температури за периодот Јануари - Декември во кој се обезбедува јавната услуга за регулирано производство на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, според податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, како и прогнозираните средни месечни температури, според Правилник за утврдување на цени за топлинска услуга и системски услуги (Сл. весник на РСМ 225/2023), прикажани се во следната табела.

Табела 1: Месечни надворешни температури (°C)

| Месец | Минимална температура | Максимална температура | Прогнозирана средна температура | Остварена средна температура |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | -5,7 | 14,4 | 2,0 | 3,0 |
| Февруари | -3,2 | 18,9 | 5,0 | 8,5 |
| Март | 2,2 | 26,0 | 9,0 | 11,2 |
| Април | 7,2 | 29,3 | 13,0 | 15,5 |
| Октомври | 5,99 | 22,97 | 12,0 | 13,46 |
| Ноември | -1,8 | 20,67 | 8,0 | 6,16 |
| Декември | -1,2 | 11,0 | 3,0 | 4,09 |
| Просечно за греен период | | | 6,62 | 8,17 |

Остварената просечна температура е повисока од прогнозираната, што може да резултира во намалено производство на топлинска енергија, односно намалена потрошувачка на природен гас.

## 2.2. Греен период

За 2024 година (греен период) планирани се 184 грејни денови или 2760 часа. Периодот опфаќа дел од грејната сезона 2023/2024 (Јануари – Април) и дел од грејната сезона 2024/2025 (Октомври – Декември). Грејната сезона започнува на 15 Октомври, а завршува на 15 Април. Согласно условите од Правила за снабдување со топлинска енергија (Сл. весник на РСМ 65/2019), грејната сезона може да почне пред 15 Октомври и да продолжи до 30 Април, во случај кога прогнозираните температури за нареден ден се еднакви или пониски од 12 °C, а согласно условите од Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија, (Службен весник на РСМ, бр. 229/2022), не се врши испорака на топлинска енергија доколку температурата на надворешниот воздух е повисока од 15 °C.

Во следната табела е даден преглед на грејните денови по месеци, дневни и месечни работни часови и остварено просечно дневно време на работа, одделно за секоја топлана, за 2024 година.

Табела 2: Време на работа на топланите

| | | Грејни денови по месеци - планирани | Грејни денови по месеци - остварени | Дневно време на работа (часови) - планирано | Месечно време на работа (часови) - планирано | Месечно време на работа (часови) - остварено | Просечно време на работа (часови/ден) - остварено |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | Исток | 31 | 31 | 15 | 465 | 531,5 | 17,15 |
| | Запад | 31 | 31 | 15 | 465 | 523,8 | 16,90 |
| Февруари | Исток | 29 | 29 | 15 | 435 | 451,4 | 15,57 |
| | Запад | 29 | 29 | 15 | 435 | 443,2 | 15,28 |
| Март | Исток | 31 | 31 | 15 | 465 | 373,2 | 12,04 |
| | Запад | 31 | 31 | 15 | 465 | 364,5 | 11,76 |
| Април | Исток | 15 | 21 | 15 | 225 | 136,1 | 6,48 |
| | Запад | 15 | 21 | 15 | 225 | 132,4 | 6,31 |
| Октомври | Исток | 17 | 17 | 15 | 255 | 104,3 | 6,13 |
| | Запад | 17 | 17 | 15 | 255 | 101,3 | 5,96 |
| Ноември | Исток | 30 | 30 | 15 | 450 | 439,2 | 14,64 |
| | Запад | 30 | 30 | 15 | 450 | 435,1 | 14,50 |
| Декември | Исток | 31 | 31 | 15 | 465 | 505,5 | 16,31 |
| | Запад | 31 | 31 | 15 | 465 | 497,9 | 16,06 |
| Вкупно /Просечно | Исток | 184 | 190 | 15 | 2.670 | 2.541,2 | 13,37 |
| | Запад | 184 | 190 | 15 | 2.670 | 2.498,2 | 13,15 |

## 2.3. Производство на топлинска енергија

Во 2024 година, според енергетскиот план, предвидена е потребна топлинска енергија на праг на топлана од 624.712,56 MWht, од кои предвидено е 338.588,02 MWht топлинска енергија да се произведе во топланите Исток и Запад, а 286.124,53 MWht топлинска енергија да се преземе од ТЕ-ТО.

Во согласност со Законот за енергетика (Службен весник на РМ 96/2018, 96/2019, 236/2022), Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производител на топлинска енергија во системот за дистрибуција на топлинска енергија, доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од цената за топлинската енергија на регулираниот производител, поради што и оваа грејна сезона, преку технолошкиот систем на ТО Исток, во дистрибутивната мрежа се испорачува топлинска енергија од когенеративната постројка ТЕ-ТО АД Скопје.

Според добиениот допис од ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје број 03-2599 од 31.10.2024 год. мерилата на топлинска енергија во Топлана Исток и Топлана Запад, сопственост на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, по Октомври 2024 година се со истечени решенија за верификација на мерило, издадени од Бирото за метрологија, Министерство за економија. Во согласност со Член 43 од Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија (Службен весник на РСМ, бр. 229/2022), испорачаната топлинска енергија од регулираниот производител во системот за дистрибуција, во случај на неисправност на верификуваниот мерен уред, се определува пресметковно, при што во наведената формула се зема горна топлинска моќност Hg наместо долната топлинска моќност Hd на природниот гас, што е потврдено и со допис од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ бр. 11-1987/2 од 15.11.2024.

Оствареното вкупно производство на топлинска енергија од топланите Исток и Запад за период Јануари – Април 2024 година изнесува 133.533,13 MWht, вкупно испорачаната топлинска енергија од топланите Исток и Запад за период Јануари – Април 2024 година, измерена на калориметрите на праг топлана (од 00:00 до 00:00 часот), изнесува 133.385,60 MWht, а од ТЕ-ТО се преземени 151.830,90 MWht. Вкупната топлинска енергија што е испорачана во дистрибутивната мрежа, измерена на калориметрите, изнесува 285.216,50 MWht. Пресметаното вкупно производство на топлинска енергија од топланите Исток и Запад за период Октомври – Декември 2024 година (од 00:00 до 00:00 часот) изнесува 112.357,94 MWht, пресметаната вкупно испорачана топлинска енергија од топланите Исток и Запад за период Октомври – Декември 2024 година (од 00:00 до 00:00 часот) изнесува 112.233,81 MWht, а од ТЕ-ТО се преземени 121.051,60 MWht топлинска енергија, измерена на верифицирано мерило на топлинска енергија. Вкупната топлинска енергија што е испорачана во дистрибутивната мрежа (измерена и пресметана) изнесува 518.501,91 MWht, односно 83 % од планираната топлинска енергија во енергетскиот план за 2024 година, што е прикажано во следната табела. Ова се должи на остварените повисоки средни надворешни температури, односно остварени грејни часови под планираното за период Јануари – Декември (Табела 2). Целокупното производство на топлинска енергија во топланите е реализирано со користење на природен гас како погонско гориво.

Табела 3: Произведена топлинска енергија, сопствена потрошувачка на топлинска енергија и испорачана топлинска енергија до точка на прием во дистрибутивната мрежа и преземена топлинска енергија од ТЕ-ТО во 2024 година (MWht)[1]

| | | ТО Исток | ТО Запад | Вкупно топлани | ТЕ-ТО | Вкупно топлани и ТЕ-ТО | Учество топлани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | Произведена топл. енергија | 24.185,12 | 21.887,08 | 46.072,20 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 26,72 | 24,18 | 50,90 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 24.158,40 | 21.862,90 | 46.021,30 | 72.695,40 | 118.716,70 | 38,8 % |
| Февруари | Произведена топл. енергија | 11.482,89 | 13.541,06 | 25.023,95 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 12,69 | 14,96 | 27,65 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 11.470,20 | 13.526,10 | 24.996,30 | 55.037,60 | 80.033,90 | 31,2 % |
| Март | Произведена топл. енергија | 28.077,32 | 14.294,19 | 42.371,51 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 31,02 | 15,79 | 46,81 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 28.046,30 | 14.278,40 | 42.324,70 | 20.018,40 | 62.343,10 | 67,9 % |
| Април | Произведена топл. енергија | 14.104,48 | 5.960,99 | 20.065,47 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 15,58 | 6,59 | 22,17 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 14.088,90 | 5.954,40 | 20.043,30 | 4.079,50 | 24.122,80 | 83,1 % |
| Октомври | Произведена топл. енергија | 9.367,27 | 5.914,07 | 15.281,34 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 10,35 | 6,53 | 16,88 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 9.356,92 | 5.907,54 | 15.264,46 | 6.635,90 | 21.900,36 | 69,7 % |
| Ноември | Произведена топл. енергија | 17.434,53 | 21.871,66 | 39.306,19 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 19,26 | 24,16 | 43,42 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 17.415,27 | 21.847,50 | 39.262,77 | 55.096,70 | 94.359,47 | 41,6 % |
| Декември | Произведена топл. енергија | 31.067,17 | 26.703,24 | 57.770,41 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 34,33 | 29,50 | 63,83 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 31.032,84 | 26.673,74 | 57.706,58 | 59.319,00 | 117.025,58 | 49,3 % |
| Вкупно | Произведена топл. енергија | 135.718,78 | 110.172,29 | 245.891,07 | | | |
| | Сопствена потрошувачка | 149,95 | 121,71 | 271,66 | | | |
| | Испорачана топл. енергија | 135.568,83 | 110.050,58 | 245.619,41 | 272.882,50 | 518.501,91 | 47,4 % |

1) Топлинската енергија (измерена и пресметана) е за период од 00:00 до 00:00

## 2.4. Потрошувачка на гориво

Со енергетскиот план за 2024 година, за периодот Јануари – Декември, предвидена е вкупна потрошувачка (енергетска вредност) на природен гас од 398.338,85 MWh, од која 251.347,66 MWh се планирани за ТО Исток и 146.991,19 MWh за ТО Запад. Не е планирана потрошувачка на алтернативно гориво - мазут.

Во периодот Јануари – Декември 2024 година остварена е вкупна потрошувачка на природен гас од 280.637,17 MWh, од која 160.105,89 MWh во ТО Исток и 120.531,28 MWh во ТО Запад.

Разликата помеѓу вкупно потрошениот природен гас и планираната потрошувачка на природен гас, покрај на повисоките температури во однос на прогнозираните, се должи и на поголемата испорака на топлинска енергија од когенеративната постројка ТЕ-ТО АД Скопје од планираната, со што е намалена потребата на производството на топлинска енергија во ТО Исток.

Табела 4: Планирана и остварена потрошувачка на природен гас (MWh)

| Месец | | ТО Исток | ТО Запад | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | Планирано | 49.796,62 | 33.197,74 | 82.994,36 |
| | Остварено | 30.247,87 | 24.593,38 | 54.841,25 |
| Февруари | Планирано | 38.893,54 | 25.929,03 | 64.822,57 |
| | Остварено | 14.100,18 | 14.720,97 | 28.821,15 |
| Март | Планирано | 25.431,51 | 20.345,21 | 45.776,72 |
| | Остварено | 31.435,65 | 15.323,92 | 46.759,57 |
| Април | Планирано | 25.058,61 | 6.264,65 | 31.323,26 |
| | Остварено | 15.106,89 | 6.267,33 | 21.374,22 |
| Октомври | Планирано | 32.456,87 | 8.114,22 | 40.571,09 |
| | Остварено | 10.478,10 | 6.331,97 | 16.810,07 |
| Ноември | Планирано | 32.279,13 | 21.519,42 | 53.798,55 |
| | Остварено | 21.313,76 | 23.742,79 | 45.056,55 |
| Декември | Планирано | 47.431,39 | 31.620,92 | 79.052,31 |
| | Остварено | 37.423,43 | 29.550,93 | 66.794,36 |
| Вкупно | Планирано | 251.347,66 | 146.991,19 | 398.338,85 |
| | Остварено | 160.105,89 | 120.531,28 | 280.637,17 |

## 2.5. Планирани и непланирани прекини на производство на топлинска енергија

Во текот на грејните месеци од периодот Јануари – Декември 2024 година не се планирани прекини на испорака на топлинска енергија од топланите и нема евидентирано ниту еден непланиран прекин на испорака на топлинска енергија.

Во текот на грејните месеци од периодот Јануари – Декември 2024 година, од страна на Службата за производство, одржување, инвестиции и анализи на топлинска енергија – Одделение за одржување, интервенирано е на пријавени 27 дефекти на постројките и опремата, 130 останати дефекти и 63 накнадни работи, што е прикажано во Табела 10. При тоа, со ниту еден од наведените дефекти во топланите не предизвикан прекин на испораката на топлинска енергија од топланите.

Табела 5: Дефекти на постројките и опремата, останати дефекти и накнадни работи по видови и топлани

| | | Дефекти на постројките | | | Останати дефекти | | | Накнадни работи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Исток | Запад | Вкупно | Исток | Запад | Вкупно | Исток | Запад | Вкупно |
| Јануари | МО | 0 | 1 | 1 | 6 | 3 | 9 | 9 | 4 | 13 |
| | ЕО | 1 | 0 | 1 | 4 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Февруари | МО | 0 | 2 | 2 | 10 | 4 | 14 | 5 | 4 | 9 |
| | ЕО | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Март | МО | 1 | 2 | 3 | 12 | 4 | 16 | 6 | 4 | 10 |
| | ЕО | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Април | МО | 1 | 1 | 2 | 6 | 5 | 11 | 6 | 4 | 10 |
| | ЕО | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Октомври | МО | 1 | 3 | 4 | 5 | 4 | 9 | 1 | 0 | 1 |
| | ЕО | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ноември | МО | 1 | 1 | 2 | 9 | 9 | 18 | 5 | 5 | 10 |
| | ЕО | 1 | 0 | 1 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Декември | МО | 2 | 0 | 2 | 11 | 6 | 17 | 6 | 4 | 10 |
| | ЕО | 1 | 0 | 1 | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 0 | 1 | 1 | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | МО | 6 | 10 | 16 | 59 | 36 | 94 | 38 | 25 | 63 |
| | ЕО | 4 | 0 | 4 | 18 | 5 | 23 | 0 | 0 | 0 |
| | МРО | 5 | 2 | 7 | 9 | 4 | 13 | 0 | 0 | 0 |

ECM
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

## 3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД 01.01.2024-31.12.2024

Во прилог се финансиските извештаи (Извештај за сеопфатна добивка и Извештај за финансиска состојба) на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ за период Јануари - Декември 2024 година.

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА**
**01.01.2024-31.12.2024**

| | **2024 Денари** |
|---|---|
| Приходи од продажба | 1.278.502.008 |
| Останати оперативни приходи | 5.989.887 |
| Промени во залихи на готови производи и недовршено производство | - |
| Трошоци за суровини и материјали | (943.698.066) |
| Трошоци за вработени | (114.017.354) |
| Амортизација | (2.187.877) |
| Останати оперативни расходи | (283.137.203) |
| **Оперативна добивка (загуба)** | **(58.548.604)** |
| Приходи од финансирање | 254.995 |
| Расходи од финансирање | (36.396) |
| | - |
| **Добивка (загуба) од редовното работење** | **(58.330.005)** |

### Образложение на финансиските резултати

**Приходи**

Приходите на друштвото за период 01.01-31.12.2024 година се во вкупен износ од 1.284.746.890 денари. Тоа се приходи од системски услуги и резерва, приходи од фактор на корекција за дејноста производство на топлинска енергија, порамнување на отстапување од природен гас, приходи од тарифата за неутралност, како и приходи врз основа на дополнително одобрени попусти, рабат и слично.

**Трошоци**

Трошоците на друштвото за период 01.01-31.12.2024 година се во износ од 1.343.076.895 денари.

*Трошоци за суровини и материјали и дел од останати оперативни расходи*

Трошоците за суровини и материјали се во вкупен износ од 7.043.872 денари. Трошоците за потрошени суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар, неопходни за ефикасно работење на процесот на производството на топлинска енергија, како и трошоци за природен гас и електрична енергија се во износ од 936.654.194 денари. Делот од останатите оперативни расходи за суровини и материјали, како што се поштенски и телефонски услуги и интернет, закуп на основни средства, амортизација на основни средства земени под закуп, наем на канцелариска опрема и материјали,трошоци од фактор на корекција за дејноста производство на ТЕ, консултански услуги и услуги за одржување и обезбедување на објекти е во износ од 270.570.990 денари.

*Трошоци за вработени*

Трошоците за вработени се во износ од 114.017.354 денари. Истите се однесуваат за бруто плати на вработените, хранарина на вработени за ноќна работа како и останати трошоци за вработените (отпремнини за пензија, дневници за службени патувања и друго).

*Амортизација*

Трошокот за амортизација се однесува за основните средства кои друштвото ги поседува и е во износ од 2.187.877 денари. Амортизацијата на основните средства се пресметува согласно пропорционалниот метод по важечки законски амортизациони стапки.

*Останати оперативни расходи*

Останатите оперативни расходи на друштвото се во износ 12.602.608 денари. Тука се трошоци за осигурување на топланите и на вработените, банкарски провизии, трошоци на платен промет, трошоци за надомест на Надзорен одбор и останати трошоци.

### Добивка (загуба) од редовно работење

Друштвото за период од 01.01.2024 - 31.12.2024 година оствари загуба од редовното работење во износ од 58.330.005 денари, во согласност со состојбата на крајот на 2024 година.

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА 2024 ГОДИНА**

| | **2024 Денари** |
|---|---|
| **СРЕДСТВА** | |
| **Нетековни средства** | |
| Нематеријални средства | 471.361 |
| Материјални средства | 9.362.959 |
| Вложување во недвижности | - |
| Долгорочни финансиски средства | 0 |
| Долгорочни побарувања | - |
| Одложени даночни средства | - |
| **Вкупно нетековни средства** | **9.834.320** |
| **Тековни средства** | |
| Залихи | 18.218.033 |
| Побарувања | 1.009.451.594 |
| Краткорочни финансиски средства | - |
| Парични средства и еквиваленти | 4.310.167 |
| Платени трошоци за идни периоди | 119.504.764 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.151.484.558** |
| Средства наменети за продажба и прекинато работење | - |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **1.161.318.878** |

| | |
|---|---|
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | |
| **Главнина и резерви** | |
| Основна главнина | 308.000 |
| Премии на уплатени акции | - |
| Сопствени акции | - |
| Запишан, а неуплатен капитал | - |
| Резерви | - |
| Ревалоризациони резерви | - |
| Акумулирана добивка | 111.549.590 |
| **Главнина на сопствениците на Друштвото** | **111.857.590** |
| Неконтролирано учество | - |
| **Вкупно главнина** | **111.857.590** |
| **Нетековни обврски** | |
| Долгорочни резервирања | - |
| Долгорочни кредити и заеми | - |
| Одложени даночни обврски | - |
| Останати долгорочни обврски | - |
| **Вкупно нетековни обврски** | - |
| **Тековни обврски** | |
| Обврски спрема добавувачи | 828.420.083 |
| Обврски за аванси | (823.729) |
| Краткорочни кредити и заеми | 210.000.000 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 11.864.935 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.049.461.289** |
| Обврски по основ на средства наменети за продажба | - |
| **Вкупно обврски** | **1.049.461.289** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **1.161.318.879** |

## Образложение

*Нетековни средства*

Нетековните средства претставуваат материјални средства и се во износ од 9.834.320 денари. Материјалните средства се однесуваат на останатите основни средства кои ги поседува друштвото, како опрема за производство, компјутерска опрема, погонски и канцелариски мебел, алат-специјален и универзален, мерни и контролни инструменти и прибор и слично.

*Тековни средства*

Тековните средства на друштвото се во износ од 1.151.484.558 денари и се состојат од побарувања на друштвото и парични средства на сметка на друштвото.

*Обврски*

Друштвото има само краткорочни обврски во вкупен износ од 1.049.461.289 денари. Краткорочните обврски се состојат од обврски кон добавувачите, краткорочни позајмици и останати краткорочни обврски.

Обврските кон добавувачи се во износ од 828.420.083 денари.

Краткорочните кредити и заеми се однесуваат на земена позајмица од АД ЕСМ на износ од 210.000.000 денари со рок на враќање од 1 година.

Останатите краткорочни обврски се во износ од 11.864.935 денари и се однесуваат, пред сé, на обврски кон вработени за плата за декември 2024 година, која има рок на исплата до 15-ти јануари 2025 година, како и исплата на членовите на НО.

## 4. ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ И ЕФИКАСНОСТ

### 4.1. Заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на опремата за вршење на енергетска дејност

Основните средства за регулирано производство на топлинска енергија под закуп (градежните објекти – цврста градба и слаба градба и опремата во топланите), сопственост на АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, се осигурени од пожар и некои други опасности, земјотрес, одронување и лизгање на земјиште, поплава, порои и високи води во осигурителна компанија во Македонија. Основните средства (разна опрема, како клима уреди, уреди за греење и друга опрема, залихи, алат, мебел, компјутери и компјутерска опрема, стакла и сл.), сопственост на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, се осигурени од пожар и некои други опасности, поплава, порој и високи води, земјотрес, кражба, разбојништво, расипување и кршење во осигурителна компанија во Македонија.

### 4.2. Безбедност и здравје при работа

Во делот на безбедност и здравје при работа, заради превентивна заштита на вработените, во согласност со законските и подзаконските акти на ниво на државата, како и согласно меѓународните стандарди, преземени се следните активности:

- организирани се систематски Прегледи за ново вработените, согласно член 22 став 2 од Закон за безбедност и здравје при работа и огласот за јавна набавка,
- организирани се испитувања од страна на овластена фирма на ПП Хидранти, во согласност со Закон за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.168),
- подготвена е документација за спроведување на периодично испитување на техничка опрема, согласно Правилникот за користење на електроенергетски постројкии опрема (Службен весник на РМ бр.140/2010 и Службен весник на РМ бр.54/2011) и организирано е испитување од страна на избрана фирма на дел од техничката опрема,
- на барање на Службата за правни, кадровски и општи работи усогласен е Правилникот за заштита од пожари и експлозии,
- извршени се периодични испитувања на техничката опрема (ел. ракавици, заштитни мотки, заштитна ел. престилка) во ТО Исток и ТО Запад, согласно Правилник за користење на електроенергетски постројки и опрема, Сл. весник на РМ бр.140/2010 и бр.54/2011,
- пред почетокот на ремонтните активности во ТО Исток и ТО Запад, дадени се насоки до Одделение за производство и Одделение за одржување за изработка на План за ремонтни активности и Правилници и упатства за изведување на сите ремонтни активности, со цел да се изберат методи за безбедно изведување на работата, соодветна заштитната опрема и сл,
- во согласност со насоките на Владата на РСМ, изработена е препорака за ослободување од работните активности на дел од вработените, поради топлотниот бран,
- за Одделението за одржување подготвена е документација за работа на висина при испитување на оџак од страна на надворешна фирма ,,Јастребац –Смедерево-доо" и испратена е пријава во Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, согласно Правилник за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта и член 47 од Закон за безбедност и здравје при работа, Сл. весник на РМ бр. 92/07,
- организирани се дополнителни здравствени прегледи за работа на висина, за дел од вработените од Одделението за одржување.
- организирани на систематски прегледи за Одделение за ФТО и ППЗ, потребни за добивање на лиценци за обезбедување,

- изработени се интерен акт - правилник за работа на висина, упатство за реагирање во случај на повреда, насоки за задолжување на ЛЗО по Одделенија, препорака за одложување на електрични тротинети во кругот на топланите,
- изработен е протокол за испитување на ПП апарати, во согласност со Закон за пожарникарство (Сл. весник на РМ 168/2017),
- изработен е правилник за сервисирање на ПП апарати, во согласност со Закон за заштита и спасување, како и Технички нормативи, стандарди и упатства,
- извршено е испитување на електро опрема, во согласност со Закон за техничка инспекција

Евидентирани се повредите на вработени, настанати на и надвор од работното место, и преземени се соодветни активности, во согласност со прописите.

### 4.3. Обука и стручно усовршување на вработените

Во однос на обуката и стручното усовршување на вработените, во периодот Јануари – Декември 2024 година, преземени се следните активности:
- организирани се обуки за безбедност и здравје при работа за ново вработените, согласно член 22 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа,
- извршена е обука за Заштита и Спасување од страна на Дирекцијата за заштита и спасување, согласно член 4 од Закон за заштита и спасување, Службен весник на РМ бр.71/16,
- извршена е обука за работа на висина за вработени во Одделението за одржување,
- одржани се интерни обуки на дел од вработените за користење на лична заштитна опрема.

### 4.4. Заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето

Топлана Исток и топлана Запад како инсталациии поседуваат А – Дозвола за усогласување со оперативен план издадени од страна на Министерство за Животна Средина и Просторно Планирање. Согласно динамиката дадена во ИСКЗ дозволите (А-дозвола за усогласување со оперативен план за топланите Исток и Запад), од страна на надворешна акредитирана лабораторија во текот на 2024 година реализирани се мерење на емисија на штетни материи во воздухот, мерење на прашина, бучава и отпадна вода. Сите извештаи редовно се доставуваат до Министерство за животна средина и просторно планирање. Сите мерења на емисии во наведените полутанти се под зададените Гранични Вредности на Емисии (ГВЕ). Постапувањето со отпадот е во согласоност со законските прописи.

Во 2024 година како гориво кај сите котли користен е природен гас.

Вкупната количина на емисија на загадувачки супстанции за 2024 година вкупно за топлана Исток и Запад е дадена во табела 6.

Табела 6: Емисија на NOx, $SO_2$, CO, $CO_2$, прашина (тони/год.)

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| NOx | 85,09 | 50,25 | 46,97 | 38,01 | 42,52 | 40,97 | 36,95 | 24,7 | 31.64 | 31.87 |
| $SO_2$ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| CO | 1,65 | 1,18 | 1,13 | 1 | 1,15 | 1,14 | 1 | 0,66 | 0,85 | 0,87 |
| $CO_2$ | 106,59 | 79,37 | 75,31 | 66,76 | 76,79 | 75,87 | 66,69 | 44,096 | 56.18 | 58,29 |
| Прашина | 12,39 | 8,77 | 8,43 | 7,47 | 8,6 | 8,5 | 7,5 | 4,94 | 6,35 | 6,51 |

## 4.5. Спроведување на мониторинг врз сопственото работење

Во периодот Јануари – Декември 2024 година вршен е постојан мониторинг на сопственото работење преку секојдневните записи на параметрите во производните единици, при што секој час се запишувааат сите податоци за остварените параметри на ниво на производна единица, како и податоци на ниво на топлана. Работните единици секојдневно вршат мониторирање на своето работење, согласно процедурите за одржување на постојките. Сите податоци од секојдневната контрола и забелешки ги евидентираат во посебни формулари кои се проверуваат од страна на одговорните лица.

Континуирано, како независен систем за мониторинг, функционира системот за аквизирање на податоци (параметри) од работата на топланите, т.н. аквизиција. Преку овој систем се надгледува работењето на сите топлани во реално време, а преку меморираните податоци се врши контрола за било кој период.

## 4.6. Обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност

Во текот на 2024 година, согласно обврските од Законот за енергетика, извршени се сите подготовки за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност производство на топлинска енергија:

- завршени се сите неопходни предвидени позиции од плановите за ремонт;
- извршени се потребните реконструктивни и инвестициони зафати, неопходни за сигурно и безбедно работење на производните капацитети;
- извршени се предвидените испитувања на садовите под притисок од страна на независно сертификационо тело;
- пред почетокот на грејната сезона се извршени сите интерни проверки на постројките (ладни и топли проби) и инсталациите за природен гас и мазут;
- обезбедени потребни количини на природен гас со потпишување на договори за набавка на природен гас;
- обезбедена е кадровска екипираност од стручни и искусни кадри за непречено одвивање на процесот за производство на топлинска енергија;
- извршена е редовна обука на директно вработените во процесот за производство на топлинска енергија и
- извршена е вонредна екстерна обука на директно вработените во процесот за производство на топлинска енергија.

## 4.7. Обезбедување на енергетска ефикасност

Во текот на 2024 година континуирано е работено на обезбедување на енергетска ефикасност на постројките во топланите, посебно на котлите, со цел постигнување на што повисоки коефициенти на корисно дејство. За работа на сите котли користен е природен гас и работено е во кондензен режим, со што постојано се одржувани високи коефициенти на корисно дејство.

Степенот на ефикасност за периодот Октомври – Декември 2024 година не може да се определи поради тоа што, во согласност со Член 43 од Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија (Службен весник на РСМ, бр. 229/2022), испорачаната топлинска енергија од регулираниот производител во системот за дистрибуција, во случај на неисправност на верификуваниот мерен уред, се определува пресметковно, при што во наведената формула се зема остварениот степен на ефикасност од претходната грејна сезона, соодветно по месеци.

Табела 7: Степен на ефикасност по топлани во периодот
Јануари – Април 2024 година

| | ТО Исток | ТО Запад | Вкупно топлани |
|---|---|---|---|
| Степен на ефикасност (00:00 до 00:00) | 85,39 % | 91,17 % | 87,71 % |
| Степен на ефикасност (06:00 до 06:00) | 85,38 % | 91,21 % | 87,72 % |

## 5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ПЛАНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ

Во согласност со лиценцата и договорот за закуп на основните средства, ЕСМ Производство на топлина ја обавува регулираната дејност производство на топлинска енергија во грејната сезона 2023-2024 (Јануари – Април) и во грејната сезона 2024-2025 (Октомври – Декември). Во периодот Јануари – Декември, заради обезбедување на сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство на топлинска енергија, во целост е остварен планот за одржување на производните капацитети.

Од планираните инвестиции за 2024 година:
- изработка на проект и ревизија и набавка и монтажа на систем за континуиран мониторинг за мерење емисија во воздух во ТО Исток и ТО Запад, заради исполнување на барањата од Законот за животна средина и условите дадени во А – дозволите за усогласување со оперативен план за ТО Исток и ТО Запад при работа со алтернативно гориво,
- замена на постоечките горилници на еден котел ВКСМ 40 со Low NOx горилници, заради исполнување на Националниот план за редукција на емисии,
- замена на гасните прстени кај постоечките горилници на котлите ВКСМ 60/1 и ВКСМ 60/5, заради исполнување на Националниот план за редукција на емисии и
- реконструкција на постојното со ефикасно осветлување во двете топлани,

отпочната е реконструкцијата на постојното осветлување, за што се изработени и ревидирани проекти за двете топлани, и отпочната е постапката на замена на гасните прстени кај постоечките горилници на котлите ВКСМ 60/1 и ВКСМ 60/5, односно склучен е договор и извршена е нарачка, со што гасните прстени се пуштени во изработка кај производителот. Реализацијата на двете инвестиции ќе заврши во 2025 година. Останатите две инвестиции, заради обемноста и долгиот период на реализација, не се отпочнати и префрлени се во 2025 г.

Во наредниот 5 годишен период планирани се следните инвестиции:
- замена на постоечките горилници на останатите два котли ВКСМ 40 со Low NOx горилници, заради исполнување на Националниот план за редукција на емисии,
- постепена набавка и замена на високонапонски електромотори поради нивната старост,
- изградба на фотонапонска централа во ТО Исток за производство на електрична енергија за сопствени потреби,
- реконструкција на 6 kV постројки, заради зголемување на сигурноста во работењето и безбедноста на вработените,
- замена на чадни канали на котлите ВКСМ 50 во ТО Запад,
- замена на циркулациони пумпи во ТО Исток и во ТО Запад поради нивната старост, со што ќе се обезбеди доверлива работа на пумпната станица,
- замена на цевки во ложиште на ВКСМ котли во ТО Исток и во ТО Запад, со што ќе се зголеми доверливоста на експлоатацијата на котлите ВКСМ 60/1, ВКСМ 20/1, ВКСМ 20/2 и ВКСМ 50/3,
- замена на систем за детекција на пожар во управна зграда во ТО Исток, заради намалување на ризикот во случај на појава на пожар.

Со реализација на инвестициите би се зголемила доверливоста во постројките и сигурноста во производството на топлинска енергија, би се подобрила заштитата на животната средина и би се исполниле еколошките стандарди за емисија и имисија на штетни материи во воздухот и почвата.

Сите наведени инвестиции се одобрени од АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, во согласност со Договор за закуп на основни средства.

## 6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РЕМОНТИ

Во временскиот период Мај – Септември 2024 година кога постројките не работат, односно нема производство на топлинска енергија, се одвиваат ремонтни активности, согласно плановите за Ремонт за 2024 година. Од вкупните планирани ремонтни активности во овој период се реализирани 109,6 %, односно реализиран е поголем број ремонтни активности во однос на планираните.

Табела 8: Планирани и реализирани ремонтни активности

| | | ТО Исток | | ТО Запад | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение за производство | Планирано (h) | 1904 | | 1983 | | 3887 | |
| | Реализирано (h) | 2015 | 105,8 % | 2357 | 118,9 % | 4372 | 112,5 % |
| | Непланирани реализирани (h) | 391 | | 460 | | 851 | |
| Машинско одржување | Планирано (h) | 941 | | 787 | | 1728 | |
| | Реализирано (h) | 643 | 68,3 % | 447 | 56,8 % | 1090 | 63,1 % |
| Електро одржување | Планирано (h) | 658 | | 429 | | 1087 | |
| | Реализирано (h) | 658 | 100 % | 423 | 98,6 % | 1081 | 99,45 % |
| Одржување на МРО и SCADA | Планирано (h) | 308 | | 224 | | 532 | |
| | Реализирано (h) | 308 | 100 % | 224 | 100 % | 532 | 100 % |

## 7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА

Во периодот Јануари – Декември 2024 година, според енергетскиот план, предвидено во топланите Исток и Запад е да се произведе 338.588,02 MWht топлинска енергија.

Оствареното вкупно производство на топлинска енергија од топланите Исток и Запад за период Јануари – Декември 2024 година, измерена на калориметрите на праг топлана, изнесува 245.619,41 MWht, што е прикажано во следната табела. Иако произведената топлинска енергија е за 27,46 % помалку од планираната, планот за работа е реализиран во целост според потребите од топлинска енергија..

Табела 9: Планирана и испорачана топлинска енергија во топлани во периодот Јануари – Декември 2024 година (MWht)

| | Вкупно топлани | Реализација |
|---|---|---|
| Планирано | 338.588,02 | |
| Испорачано | 245.619,41 | -27,46 % |

## 8. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО РЕГУЛИРАНИ ДОГОВОРИ

Во 2024 година ЕСМ Призводство на топлина ДООЕЛ Скопје во целост ги има исполнето обврските по регулираниот договор со АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ.

## 9. СОСТОЈБА СО КАДРОВА ЕКИПИРАНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПООДЕЛНИ ЗАДАЧИ

На 31.12.2024 година во ЕСМ Призводство на топлина ДООЕЛ Скопје заедно со Управителот има вкупно 126 вработени.

Табела 10: Број на вработени со степен на стручна подготовка

| Степен на стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| VII (VIA и VIБ) | 39 |
| V | 9 |
| IV | 61 |
| III | 11 |
| I | 6 |
| ВКУПНО | 126 |

## 10. ИЗВРШЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ И КОНТРОЛИ ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИ ИНСПЕКЦИСКИ И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

Од страна на независни инспекциски тела извршени се редовни технички прегледи и периодични испитувања на машинската опрема и електроенергетските постројки и електрична опрема, а извештаите од испитувањата се доставуваат на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Во 2024 година во ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје извршени се инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за животна средина.

УПРАВИТЕЛ:

Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

БОБАН МАКСИМОВСКИ

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**

Број:Ип1 15-24 Датум: 30.01.2024

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ – Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.Тодор Александров бр.6 ,Скопје,општина Гази Баба | |
| Адреса за е-пошта | nlokvenec@esm-proizvodsto.mk | |
| Телефон | 076 360 223 | |
| Матичен број на субјектот | 7605412 | |
| Даночен број на субјектот | 4080022607900 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Златко Пиперкоски | 070318182 | |
| | | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН √ | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 30.01.24 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 30.01.24 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ЕСМ Продажба ДООЕЛ,Скопје | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 35.30-Снабдување со пареа и климатизација | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул.Тодор Александров бр.6,општина Гази Баба | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. √ месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Јануари,2024 година;
2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. _________ од _________ година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. __________ од _________ година;
